‚Соберете се заедно околу храната и спомните го Аллаховото име над неа – тогаш ќе има бериќет за вас во неа.‘“

Вахши бин Харб, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Му рековме на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: ‚О, Божји пратенику, јадеме, а не се заситуваме.‘ Тој праша: ‚Да не јадете одделено?‘ Рековме: ‚Да.‘ Тогаш тој рече: ‚Соберете се заедно околу храната и спомните го Аллаховото име над неа – тогаш ќе има бериќет за вас во неа.‘“

[حسن] [رواه أبو داود وابن ماجه وأحمد]

Некои од асхабите го прашале Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: „Јадеме, а не се заситуваме.“ Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, ги прашал: „Можеби јадете раздвоени – секој посебно?“ Тие одговориле: „Да.“ Тогаш тој рекол: „Соберете се и јадете заедно, и спомнувајте го Аллаховото име со зборовите: ‚Бисмиллах‘ – тогаш храната ќе биде со бериќет и ќе се заситите.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4212